Финансирано од
Европска Унија

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ВЕБ: nkeu.mk)

**12-та Сесија на Работната група, 4 - Правда, слобода и безбедност**

**04.09.2023, Рагуза 360, Rooftop**

**Тема: „Северна Македонија и Западен Балкан низ призмата на новата политика на ЕУ за миграции и азил“**

## ПРЕПОРАКИ

1. Потребно е извршување на систематска гранична контрола и спроведување на процедурите за проверка и регистрација на сите категории на мигранти, не само при справување со кризни ситуации, туку и во редовното (секојдневно) гранично работење бидејќи овие постапки се еден од важните предуслови за воедначено следење и обезбедување координиран меѓународен одговор на мешовитите миграциски текови.

2. Владата (релевантните институции) треба да се фокусира на новата миграциска политика на ЕУ која ќе биде претставена во новиот Пакт за миграција и азил. Ова е значајно бидејќи во овие области ќе бидат донесени нови ЕУ прописи чие усвојување ќе биде еден од критериумите за напредување во преговорите за членство во ЕУ. Во функција да се одржи интересот на институциите кон оваа цел се препорачува да бидат подржани иницијативите за дијалог со другите засегнати страни што истовремено ќе има придонес во афирмација на новите европски прописи во пошироката јавност.

3. Владата на РС Македонија да ја разгледа потребата од навремено носење на Акциски план за справување со вондредни околности (Contingency Plan).

4. Нагласувајќи ја важноста од зајакнувањето на партнерството со Европската Унија во справувањето со миграциските предизвици и креирањето на миграциските политики, во соработка со земјите членки на ЕУ, потребно е да се создадат услови за ефикасна имплементација на Акцискиот план на ЕУ за Западен Балкан. Финансиската подршка на ЕУ предвидена за 2023 и 2024 година - наменета за земјите од Западен Балкан, утврдена (посочена) во наведениот акциски план, несомнено ќе прдонесе кон јакнење на националните капацитети за постигнување на следните цели:

<u>4.1. Зајакнување на граничното управување</u>

- Во 2022 година е Република Северна Македонија потпиша договор со Европската Агенција за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС)[1] кој претставува прв договор во Западен Балкан кој се заснова на новиот *зајакнат* мандат на Фронтекс. Овој Договор ја отвора вратата за поинтензивна соработка со Европската Унија во управување со миграциските текови, во справувањето со илегалната миграција и прекуграничниот криминал. Имајќи ги во предвид бенефитите од Заедничката оперативна акција на границата со Грција, се препорачува континуирано зајакнување на соработката со

[1] Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од Европската агенција за гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија влезе во сила на 1 Април 2023

ФРОНТЕКС во 5-те области на соработка: **оперативна соработка** (учество во заеднички оперативни активности); **ситуациска свесност и мониторинг** (континуирана размена на информации и аналитички продукти, јакнење на националните капацитети за анализа на ризик согласно методологијата на ФРОНТЕКС); **враќањето** (подршка во јакнењето на националните капацитети, соработка при организација на заедничките акции со Фронтекс); **истражување и иновација и учество во хоризонтални обуки и други тренинг активности**. За да можат да се остварат овие цели потребно е јакнење на кадровските капацитети на Министерството за внатрешни работи.

- Б) Со оглед на големото значење на дигитализацијата во управувањето со миграцијата и азилот, неопходно е преземање на конкретни чекори за постигнување на потребната интероперабилност и компатибилност на националните информатички системи со постоечките во земјите – членки на Европската унија што ќе овозможи побрзо и целосно интегрирање на земјата. Во таа насока потребно е да се обезбеди операционализација на Мастер планот за надградба на информациската и комуникациска инфраструктура со цел подршка на процесот на идентификација и регистрација на мешаните миграциски текови, од аспект на идната поврзаност со информациските системи на ЕУ, изготвен во соработка со Фронтекс во рамките на ИПА II Проектот "Регионална подршка за управување со сензитивна миграција во Западен Балкан и Турција".

4.2. Обезбедување на брзи процедури за азил

- **А.** Склучувањето на Патоказот за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Агенцијата на Европската Унија за азил (ЕУАА), како и обезбедување на негова подоцнежна имплементација во пракса ќе допринесе кон инкорпорирање на европските стандарди и најдобрите практики во националниот систем во областа на азилот. Соработката се ЕУАА е особено потребна во јакнење на капацитетите на националните институции (МВР, МТСП, Управниот и Вишиот Управен суд) преку организирање обуки, изработки на прирачници и сл.

- **Б.** Иако е постигнат висок степен на усогласеност на националното законодавство со ЕУ Acquis во областа на азилот, сепак потребни се натамошни измени и дополнувања на Законот за меѓународна и привремена заштита и Законот за матичен број. Освен тоа, потребно е континуирано следење и анализа на новите ЕУ акти, особено на на оние кои се дел од ЕУ реформата во оваа област, посочени во новиот Пакт за миграција и азил кој се очекува да биде донесен во февруари 2024 година .

4.3. Борба против криумчарењто на мигранти:

- **А.** Согледувајќи ги резултатите од Оперативниот Task force на Европол за справување со криумчарење на мигранти на границата на Србија и Унгарија, да се разгледа можноста од формирање на слични task force на другите граници според националните приоритети.

- **Б.** Да се зајакне учеството во ЕМПАСТ активностите 2022-2025 и неговиот Оперативен Акциски План за борба против криумчарење на мигранти. Континуирана меѓународна размена на информации со ЕВРОПОЛ, ЕВРОЏАСТ, СЕЛЕК, Заедничкиот оперативен центар во Австрија и другите партнерски организации.Организирање на заеднички обуки за јакнење на капацитетите на службите за спроведување на законот и правосудните органи (јавни обвинители и судии)

4.4. Усогласување на визната политика:

- А. Визната политика на Република Северна Македонија е во голема мера усогласена со релевантните ЕУ прописи во оваа област, но потребни се дополнителни чекори за понатамошно усогласување на визната политика со ЕУ листата на земји чии државјани се обврзани да имаат виза за краткорочен престој во ЕУ, како и со ЕУ листата на земји чии државјани се ослободени од поседување на виза за влез во ЕУ. Истовремено се препорачува надлежните институции континуирано да ја следат визната политика на ЕУ и новитетите во оваа област и да посветат поголемо внимание на нивната имплементација во националната визна политика во степен во кој тоа е можно.

- Б. Со оглед на повеќекратните влијанија на емиграцијата (иселувањето) врз општествените текови, сегашните и идните, се препорачува подршка од страна на Владата на инцијативите (од сите засегнати страни) за спроведување на широка национална дебата во насока на градење на соодветни јавни политики и планови за подобрување на циркуларната (трудова) миграција и олеснување на повратната миграција;

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Земјите од Западен Балкан и Република Северна Македонија како една од нив, треба да продолжат да ја користат поддршката на ЕУ во областа Правда, слобода и безбедност градејќи ги своите капацитети за подобра регионална соработка неопходна на полето на управување со миграцијата и азилот

2. Во однос на регионалната соработка во областите миграција и азил, треба да се приоретизира, зајакне и поддржи улогата на Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци (МАРРИ) како единствен регионален меѓувладин механизам со мандат да го поддржи Западен Балкан на патот кон европската интеграција во овие области, од страна на ЕУ, меѓународните и регионалните организации и другите релевантни фактори.

3. Иако е постигнат значителен напредок во усогласувањето на законодавството од областа на миграциите, потребни се натамошни прилагодувања за усогласување на законите и регулативите со (правото на ЕУ), како и постапувањето на институциите со ЕУ стандардите.

4. Обезбедување на сигурен, флексибилен и економичен пристап до услуги за легалните мигранти. Тенденцијата на пораст на бројот на странци со привремен и постојан престој во Република Северна Македонија, неспорно ја наложува потребата за ефикасно управување на економската и неекономската легална имиграција, согласно демографскиот и социоекономскиот развој на земјата. Во однос на легалната миграција треба да се овозможи пристап преку транспарентна и ефикасна примена на миграциското законодавство и имплементирање на ефикасен визен режим. Овие миграциски текови треба да се следат преку прибирање на веродостојни и навремени информации и дисеминирање на соодветни информации за миграциските политики и процедури за да може мигрантите да донесат одлуки базирани на релевантни информации.

5. Имајќи предвид дека миграцијата и сите теми поврзани со миграцијата содржат значајна родова димензија, воочена е потреба од јакнење на компетенциите на сите чинители вклучени во миграцискиот менаџмент со цел да се интегрира и имплементира родовата еднаквост и родовата перспектива во обезбедувањето на ефективни родово-специфични услуги.